Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за здравственото осигурување,
по скратена постапка

Скопје, јуни 2014 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Примено: 17.06.2014

07-2330/1

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ,

Илија Димовски

Talat Xhaferi

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ број 187/2013), во членот 5 утврден е датумот од 1 јуни 2014 година, како датум за започнување на процесот на пререгистрација во системот на задолжителното здравствено осигурување на индивидуалните земјоделци во носители на земјоделско стопанство од втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој. Бидејќи рокот за отпочнување со процесот на пререгистарација започнува на 1 јуни 2014 година, а притоа утврдена е реална потреба од продолжување на истиот заради усогласување на софтверите од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Управата за јавни приходи, која го води Единствениот регистар на земјоделски стопанства, сметаме дека со новопредложеното законско решение ќе им се овозможи на Министрството и на Управата процесот да го одвиваат без никави пречки.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Предлогот на Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, има за цел обезбедување на технички услови за започнување пререгистрација во системот на задолжителното здравствено осигурување на индивидуалните земјоделци во носители на земјоделско стопанство од втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој.

Предлогот на Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот.

Притоа сметаме дека предложените решенија ќе бидат применливи и одржливи во пракса.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Предлогот на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување нема да предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Предлогот на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување не предизвикува фискални импликации.

Спроведувањето на законот нема да повлекува дополнителни материјални обврски за засегнатите субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа дека не се работи за обемен и сложен закон, предлагаме согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Предлогот на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување (“Службен весник на Република Македонија “ број 187/2013), во членот 5 датата : “ 1 јуни 2014 година ” се заменуваат со датата : “ 1 јануари 2015 година”

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Со членот 1 се продолжува рокот за започнување на процесот на пререгистрација на земјоделците .

Во членот 2 е регулирано прашањето на влегувањето во сила на овој Закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Одредбите од предлог Законот се меѓусебно поврзани и прават правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со предложените решенија ќе се овозможи целосна имплементација на членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ број 187/2013), со што ќе се изврши пререгистрација во системот на задолжителното здравствено осигурување на индивидуалните земјоделци.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД
ЗАКОНОТ ШТО СЕ МЕНУВААТ

Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување
(“Службен весник на Република Македонија бр. 187/13“)

Член 5

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 16/13), во членот 5 датата „1 октомври 2013 година“ се заменува со датата „1јуни 2014 година“.